**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-3089/2
Скопје, 13 април 2020 година

ДО ЗАДРУЖЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА – РОМАНО ЧАЧИПЕ

С К О П Ј Е

**Предмет: Извадок од Дваесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 април 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID – 19, на Дваесет и шестиот состанок, одржан на 13 април 2020 година, го разгледа Барањето за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со COVID-19 во Општина Шуто Оризари, доставено преку електронска пошта од Задружение за развој и унапредување на ромската заедница – Романо Чачипе и Иницијативата за развој и инклузија на заедниците – ИРИЗ и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика, со цел во соработка со градоначалникот на Општина Шуто Оризари до Владата да доставаат соодветен предлог врз основа на утврден број на семејства кои живеат во супстандардни услови, начин на нивно понатамошно третирање и изолирање на овие семејства и доколку се оцени за потребно да се разгледаат можностите и капацитетите за нивно сместување во карантин.

ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН
КРИЗЕН ШТАБ

Прилог 1: Барање за преземање на превентивни мерки за спречување на ширењето на епидемијата со COVID-19 во Општина Шуто Оризари, доставено преку електронска пошта од Задружение за развој и унапредување на ромската заедница – Романо Чачипе и Иницијативата за развој и инклузија на заедниците – ИРИЗ

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Министерството за труд и социјална политика
- градоначалникот на Општина Шуто Оризари


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk